**Одлука бр.3**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на таксата**
**за годишна регистрацијата на натпреварувачи во 2024 година**

**Член 1**

За годишна регистрација за 2024 година, за секој натпреварувач неговиот матичен клуб е должен да плати такса на ТФСМ (вирмански) во износ од:

- За натпреварувачи во категорија 12, 14, 16 и 18 години и мажи и жени – 1.000,00 денари, а за странци членки на домашни клубови регистрацијата е 2.000 денари.

**Член 2**

ТФСМ ќе го евидентира секој натпреварувач на кој ќе му биде платена таксата за годишна регистрација за 2024 година во електронската евиденција на ТФСМ и натпреварувачот ќе се стекне со право да се натпреварува на турнирите/натпреварите од календарот на ТФСМ за 2024 година.

**Член 3**

За секој натпреварувач кој ќе направи пререгистрација, односно ќе премине од еден во друг клуб ТФСМ ќе направи промена и ќе го евидентира во електронската евиденција под вториот клуб за остатокот од тековната година, а неговиот клуб е должен да плати нова такса во висина определена во член 1.

**Член 4**

За секој натпреварувач кој ќе премине од детски тенис во натпреварувачки тенис во тековната година, матичниот клуб доплаќа такса во износ од 500,00 денари.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година